Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 308//0306
22.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 04.07.2025 година, врз основа на примена жалба од **Фјола Златку,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„ПРИТИСНАЛ НА ГАС, НАМЕСТО НА КОЧНИЦА: Едно лице загина откако Албанец со џип влетал во пекара“,** објавен од Фејсбук страницата на интернет порталот – онлајн медиум Курир.мк (Kurir.mk) на 31.05.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 10.06.2025 г., упати жалба за текстот со наслов **„ПРИТИСНАЛ НА ГАС, НАМЕСТО НА КОЧНИЦА: Едно лице загина откако Албанец со џип влетал во пекара“,** објавен од Фејсбук страницата на интернет порталот – онлајн медиум Курир.мк (kurir.mk) на 31.05.2025 г., при што се жали на дискриминација.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „ваквот наслов претставува обид за поттикнување на етничка омраза, бидејќи непотребно ја потенцира етничката припадност на возачот, иако таа нема никаква релевантност за причините или околностите на инцидентот. Со користење на зборот „Албанец“, наместо неутрални термини како „возач“ или „маж“, медиумот ја пренасочува одговорноста од поединецот кон цела етничка група, со што се создава негативна асоцијација и се зацврстуваат штетни стереотипи. Имајќи ја предвид деликатната мултиетничка структура на општеството во Северна Македонија, ваквиот тип известување е исклучително опасен и дестабилизирачки“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„ПРИТИСНАЛ НА ГАС, НАМЕСТО НА КОЧНИЦА: Едно лице загина откако Албанец со џип влетал во пекара“,** објавен од Фејсбук страницата на интернет порталот – онлајн медиум Курир.мк (kurir.mk) на 31.05.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени член 11 од Кодексот на новинарите на Македонија и точката 11.2 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор наслов со линк на Фејсбук страницата на Курир, при што текстот може да се види доколку се притисне на линкот означен во првиот коментар, кој пак води до сосема друг онлајн медиум кој ја објавил веста интегрално и пошироко.

Комисијата утврди дека станува збор за сензационалистички текст каде етничката припадност на сторителот е истакната уште во насловот, иако нема никаква уредничка или новинарска причина за тоа. Нагласувањето дека сторителот е Албанец не е поврзано со причините за несреќата, ниту со самиот настан, туку е издвоено како клучна информација која не помага во разбирањето, туку потенцијално води кон етничка стигматизација.

Ова е особено проблематично бидејќи со нагласувањето на етничката припадност како единствена лична информација за сторителот, се ризикува поистоветување на индивидуално однесување со цела етничка група, што е неетички и е регулирано со Кодексот на новинари на Македонија и со Насоките за етичко известување во онлајн медиумите.

Од тука, Комисијата смета дека е прекршен член 11 од Кодексот и точката 11.2 од Насоките:

**Член 11 (од Кодексот)**

> Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

**11.2 (од Насоките)**

> Онлајн медиумите не смеат да ги поистоветуваат активностите, ставовите или дејствувањето на поединци кои припаѓаат на одредена група со целата група. Тие не треба да ги нагласуваат карактеристиките поврзани со припадноста на различни групи (како на пример, етничка припадност, раса, религија, културно потекло, сексуална ориентација, ментално или физичко здравје итн.), освен во случаи кога е тоа директно поврзано со настаните за коишто се известува.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: *Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев и Жана Божиновска*.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

С. Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595